1810
Službeni vesnik SR
Makedonije
91000 Skopje
Fah 51

СЛУЖБ[ЕН ВЕСНИК]
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕ[РАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА]

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик. — Огласи според тарифата. — Жиро-сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-1125

Среда, 30 јуни 1976
БЕЛГРАД
БРОЈ 28 ГОД. XXXII

Цена на овој број е 2 динара. — Претплатата за 1976 година изнесува 420 динари. — Редакција: Улица Јована Ристиќа бр. 1. Пошт. фах 226 — Телефони: централа 650-155; Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732; Комерцијален сектор 651-671; Телекс 11756

**414.**

Врз основа на член 31 став 1 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА НАЧИНОТ НА ФОРМИРАЊЕ НА ЦЕНИТЕ ЗА СУРОВА НАФТА, ДЕРИВАТИ НА НАФТА И ПРИРОДЕН ГАС

1. Цените за сурова нафта, природен гас и деривати на нафта се задржуваат на нивото на цените што според важечките прописи постоеле на денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

2. Организациите на здружен труд што се занимаваат со производство и со преработка на сурова нафта и деривати на нафта, должни се да ги попишат сите количини сурова нафта од увоз што ги имаат на залихи на 30 јуни 1976 година.

3. Организациите на здружен труд од точка 2 на оваа одлука се должни да ги попишат сите количини деривати на нафта што ги имаат на залихи на 30 јуни 1976 година, како и количините на тие производи што се наоѓаат кај трговските организации на здружен труд и други купувачи, а коишто производителската организација на здружен труд од точка 2 на оваа одлука не ги наплатила од купувачите — трговски организации на здружен труд и други купувачи.

4. Купувачите — трговски организации на здружен труд и други купувачи се должни да ги попишат сите количини деривати на нафта што ги имаат на залихи на 30 јуни 1976 година, вклучувајќи ги и стоките на пат што не им ги платиле на своите добавувачи до 30 јуни 1976 година.

5. Производителските организации на здружен труд од точка 2 на оваа одлука се должни за производите од точ. 2 до 4 на оваа одлука што се попишани, да го уплатат на посебната сметка кај Службата на општественото книговодство бр. 60811-789-2208, Сојузна дирекција за резерви на индустриски производи, Белград, и тоа:

1) за сурова нафта — износот на разликата помеѓу цената за сурова нафта од увоз и цената за домашна сурова нафта, намален за износот на платените царини и царински давачки;

2) за дериватите на нафта — износот што до 30 јуни 1976 година биле должни да го уплатуваат, според важечките прописи, на сметката од оваа точка.

6. Со парична казна од 5.000 до 30.000 динари ќе се казни за прекршок организација на здружен труд и друг купувач ако не постапи според точ. 2 до 5 на оваа одлука, или ако во пописот на залихите сурова нафта, односно деривати на нафта не ги прикаже точните податоци за залихите на тие производи.

За дејствието од став 1 на оваа точка ќе се казни за прекршок и одговорното лице во организацијата на здружен труд со парична казна од 1.000 до 50.000 динари.

Кон казната за прекршокот од ст. 1 и 2 на оваа точка ќе се изрече и заштитната мерка одземање на имотната корист остварена со извршувањето на прекршокот.

Постапката по прекршокот од ст. 1 и 2 на оваа точка е итна.

7. Од износите уплатени на сметката од точка 5 на оваа одлука може на органите на пазарните инспекции да им се одобри исплата на надоместите на трошоците за извршена контрола на пописот до износот што ќе го одобри Сојузниот секретаријат за пазар и цени, на предлог од републичките, односно покраинските органи на пазарната инспекција.

8. Поблиски прописи за спроведувањето на пописот, за начинот и роковите за уплатување на износите од точка 5 на оваа одлука, како и за начинот на конечното пресметување на средствата на сметката од точка 5 на оваа одлука, донесува, по потреба, сојузниот секретар за пазар и цени.

9. Оваа одлука влегува во сила на 30 јуни 1976 година.

Е. п. бр. 465
30 јуни 1976 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Џемал Биедиќ**, с. р.

---

**415.**

Врз основа на точка 8 од Одлуката за начинот на формирање на цените за сурова нафта, деривати на нафта и природен гас („Службен лист на СФРЈ", бр. 28/76), сојузниот секретар за пазар и цени издава

## НАРЕДБА

### ЗА НАЧИНОТ И КОНТРОЛАТА НА ПОПИСОТ НА ЗАЛИХИТЕ НА СУРОВА НАФТА И ДЕРИВАТИ НА НАФТА

1. Организациите на здружен труд и другите купувачи од точ. 2 до 4 на Одлуката за начинот на формирање на цените за сурова нафта, деривати на нафта и природен гас ќе ги попишат, во согласност со одредбите од таа одлука, сите количини сурова нафта од увоз и деривати на нафта што ќе се затечат кај нив на залихи на 30 јуни 1976 година.

2. Под залихи сурова нафта од увоз и деривати на нафта се подразбираат количините на тие производи што се наоѓаат во магацини, продавници и др. или се складирани на друг начин, а кои им припаѓаат на организациите на здружен труд што се занимаваат со производство и преработка на сурова нафта и деривати на нафта, вклучувајќи ги и

количините на тие производи што до 30 јуни 1976 година им се испорачани на трговските организации на здружен труд и на други купувачи, а не се наплатени. Под залихи сурова нафта од увоз и деривати на нафта се подразбираат и количините на тие производи што се наоѓаат на пат.

3. Листата за попис на сурова нафта од увоз и деривати на нафта (пописна листа) ги содржи особено следните податоци:

1) назив на организацијата на здружен труд, односно на друг купувач;

2) седиште на организацијата на здружен труд, односно на друг купувач што го врши пописот и негова адреса;

3) вид сурова нафта од увоз и деривати на нафта;

4) количини сурова нафта од увоз и деривати на нафта по единица на мера, и тоа:

— на залихи;

— на пат;

5) износ што според точка 5 од Одлуката за начинот на формирање на цените за сурова нафта, деривати на нафта и природен гас се уплатува на посебната сметка кај Службата на општественото книговодство бр. 60811-789-2208 Сојузна дирекција за резерви на индустриски производи, Белград, и тоа:

— по единица на мера за сурова нафта од увоз, односно за одделен дериват на нафта;

— вкупно за сите количини на тие производи на залихи.

4. Организациите на здружен труд што се занимаваат со производство и со преработка на сурова нафта и деривати на нафта се должни износите од точка 5 на Одлуката за начинот на формирање на цените за сурова нафта, деривати на нафта и природен гас, пресметани според точка 3 под 5 на оваа наредба, да ги уплатат на сметката од таа одредба најдоцна до 25-ти во месецот за количините на тие производи продадени во минатиот месец.

5. Пописните листи ги потпишуваат членовите на пописната комисија. Исправноста на податоците во пописните листи ја утврдува во организациите на здружен труд, односно кај друг купувач, таа организација, односно друг купувач, а ја заверува со печат и со потпис одговорното лице.

Пописните листи се составуваат во потребен број примероци, од коишто еден примерок се доставува до 10 јули 1976 година до Сојузната дирекција за резерви на индустриски производи, Белград, Улица Моше Пијаде број 8.

6. Контрола на исправноста на пописот на сурова нафта од увоз и деривати на нафта вршат надлежните органи на пазарната инспекција.

7. Оваа наредба влегува во сила на 30 јуни 1976 година.

Бр. 4359
30 јуни 1976 година
Белград

Сојузен секретар
за пазар и цени,
**Имер Пуља**, с. р.

# ОДЛИКУВАЊА

## УКАЗ

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 337 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и член 4 од Законот за одликувањата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се одликуваат:

Од СР Црна Гора

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Мустур Андрије Марко;

— за особени заслуги во ширењето на братството меѓу нашите народи и народности, како и во создавањето и развивањето на политичкото и моралното единство на земјата

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Асановић Васов Алекса, Јововић Марко Драго, Калуђеровић Пера Војислав, Шаркић Мустафе Алија, Шћепановић Ђукана Богдан;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Бајић Радомира Радивоје, Баровић-Чобелић Новице Војислава, Бијеловић Дамјана Војин, Булатовић Илије Веселин, Церовић Радосава Драгиша, Челебић Ника Максим, Чичић Ђорђије Велика, Ђоковић Ђона Ђека, Ђонај Љуце Никола, Ђурановић Миливоја Мирко, Хајдуковић Ђура Машан, Јовановић Радоја Ђука, Јововић Радована Славко, Костић Мила Стеван, Лабан Радуна Богдан, Лачковић Петра Ружица, Мартиновић Спасоја Цвијета, Микетић Велимира Миличко, Обрадовић-Боричић Манојла Нада, Павловић Петра Ристо, Перовић-Кажић Михаила Косара, Пићурић Владимира Никола, Прелевић Гаша Блажо, Радуловић-Јовановић Јована Васиљка, Раичевић Пера Милутин, Вујачић Драга Душан, Вујошевић Лазара Димитрије;

— за заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНА ЅВЕЗДА

Аџић Веља Милица, Асановић Костов Саво, Баровић Марка Шћепан, Бољевић Петрова Дара, Бурзановић Сава Момчило, Чађеновић Милована Никола, Чарапић Веља Душан, Дакић Радосава Драгиња, Драгићевић Радоње Стана, Ђекић-Радуновић Станише Даница, Ђуришић Јока Душна, Ђуришић-Биговић Сава Ксенија, Ђуришић-Бојановић Мата Милица, Ђуришић-Раичковић Матана Милица, Гошовић Војина Сава, Илић Милована Ђорђија, Ивановић Милована Љубица, Ивановић Јовице Велимир, Ивановић Милуна Загорка, Јовановић-Матовић Петра Јагода, Јовановић-Радовић Јоксима Станка, Крнић Каплана Алит, Крушчић Лабуда Благоје,

Кусовац-Шпадијер Вука Босиљка, Лаковић Перуте Милета, Љуцовић Преље Зеф, Марковић Радосава Ђурђа, Марковић Века Љубо, Мијовић Благоје Илија, Миличковић Милована Илија, Миличковић-Вукославовић Душана Марта, Милоњић-Брајовић Петра Милка, Миловић Николе Тодор, Милутиновић Риста Станиша, Мирановић Васов Панто, Митровић-Распоповић Вожине Јулка, Мугоша Блажа Ђоко, Мугоша-Милић Божа Велика;

Никпрељевић Преље Коља, Пејановић-Шаковић Радисава Милева, Петровић Николе Марко, Поповић-Гошовић Митра Фемија, Поповић Сава Јелица, Поповић Јанка Радисав, Поповић Бега Василија, Прелевић-Божовић Ћирка Радуша, Радевић Николе Јасна, Радиновић Влага Бранко, Радиновић Живка Дара, Радиновић-Калуђеровић Блага Зора, Радоњић Митра Анђа, Радоњић Ђура Милосав, Радосавовић Тодора Душан, Радосавовић-Мијовић Пауна Госпава, Радосавовић Митра Сенија, Радуловић-Ивановић Миљете Босиљка, Радуловић-Шћепановић Петра Зорка, Раичевић Микоње Марко, Раичевић Јована Радован, Раичковић Сава Митар, Рашовић-Милић Милоша Добрица, Савовић-Дедић Милисава Милица, Секуловић Новице Божидар, Секуловић Панта Саво, Стаматовић Века Душан, Становић Риста Мирко, Улићевић Петра Милутин, Влаховић Милоша Миливоје, Вучевић Ивана Спасо, Вујошевић Милете Васа, Вукадиновић Павла Радомир, Вулевић Преља Саво, Вулићевић Марка Божо, Живковић Раша Стана;

— за заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Бешовић Милете Василије, Бојовић Милована Миљан, Бољевић Илије Љубомир, Бошковић-Анђушић Влада Вјера, Брковић Станка Радуша, Бурзан Сима Ђорђије, Чађеновић-Бојовић Стевана Драгица, Дујовић Тома Миличко, Дурутовић-Тошковић Јанка Јулијана, Ђонај Мираша Зеф, Ђуковић Веселина Милутин, Ђурђевић Омера Џавид, Ђуровић Душана Бранко, Ђуровић Ђока Гојко, Ђуровић Радула Јован, Ђуровић Боја Михаило, Ђуровић-Бољевић Мата Ружа, Ђуровић Луке Зарија, Филиповић-Вајда Ернеста Невенка, Гојчевић Пака Фрањо, Илић Петка Љубица, Јањушевић Благоје Раде, Јеврић Мујо Цено, Јоковић Милоша Радован, Кљајић-Ивовић Душана Јелена, Ковијанић Тодора Томислав, Крачковић Митра Бранко, Кузман Благоја Милован, Лазовић Јока Митар, Лековић Лаза Новица;

Марковић Радивоја Божидар, Марковић Филипа Драгутин, Меденица Сима Даница, Мијовић Маша Љубо, Милић Кића Бранко, Миљанић Лазара Спасоје, Мрдак Мираша Ђорђије, Мугоша Матов Василија, Никић Јована Станко, Оташевић Гајов Владо, Перуничић Перише Велимир, Петровић-Милић Божине Стоја, Радевић Гавра Вуксан, Радоњић Станоја Миро, Радоњић Сима Радован, Радошевић Марка Васо, Радовић-Бојанић Гаврила Станка, Радуловић Гаја Димитрија, Радуловић Васа Иванка, Раичевић Веселина Милан, Раичковић Риста Васко, Рајовић Крста Драгутин, Рашовић Николе Вељо, Старчевић Милије Гојко, Стругар Мила Ђорђије, Шушовић Вида Владимир, Вујошевић Милете Милка, Вукадиновић Томице Бранко, Вукадиновић Баја Милутин, Вукмировић Јока Крцун, Вуковић Јагоша Ђорђија;

— за залагање во социјалистичката изградба на земјата

СО МЕДАЛ ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД

Божовић Марка Вида, Булатовић Велише Милош, Булатовић Нова Вукајло, Цацевић Цуба Петар, Чарапић Шћепана Љубо, Чарапић Вуља Раде, Ђетковић Спасоја Велиша, Елаватовић Барјама Рамо, Гошовић Петра Милан, Калуђеровић Филипа Милан, Којичић Мила Владо, Маргилић Томе Марко, Милић-Бојановић Крста Милена, Милић-Мугоша Марка Пава, Милутиновић-Поповић Бегова Госпава, Милутиновић-Бешић Николе Савета, Мићковић Новице Ђорђија, Мићковић-Чарапић Зарије Златија, Мирановић Душанова Васиљка, Мугоша-Лековић Илије Милица, Мугоша Нешова Стана, Новаковић Новака Љубомир, Прелевић-Лаковић Арса Милица, Радиновић Зака Ристо, Рацковић Тодора Ђуро, Радоњић Милована Миладин, Радоњић-Ивановић Јована Сенка, Раичевић Петка Душан, Раичевић Сима Марко, Ускоковић Перов Душан;

— за залагање и постигнати успеси во работата

СО МЕДЕЛ НА ТРУДОТ

Бојић Николе Миљан, Дурутовић-Лазаревић Живоина Емилија, Ђоковић Ахмета Смаил, Миличковић Жарка Милија, Отовић Милана Стеван, Радоњић Милована Слободан, Рашовић Илије Милан, Стајовић Љуба Савка, Стефановски-Анзуловић Божидара Неда, Шћепановић Влада Љубомир, Вујошевић Зарије Раде, Вукчевић Ђура Божидар, Вукчевић Марка Љубомир;

Од СР Македонија

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Беличанец Мио Спасија, Богоевски Ристо Љупчо, Цветковска Даме Благородна, Димова Димитрие Денка, Гривчева Богоева Перса, Инадеска Николова Ратка, Меснер-Јорданова Пане Олга, Мицковски Темелко Драган, Михајловски Панче Хранислав, Петревски Петар Методија, Петрушевска Апостол Параскева, Русевска Коста Драга, Спировски Никола Божидар, Трајчевска-Равњанска Наско Правда;

— за особени заслуги во ширењето на братството помеѓу нашите народи и народности, како и во создавањето и развивањето на политичкото и моралното единство на земјата

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Беговска Фазло Санија, Есад-Џафери Исмаил Фериде, Каракински Тале Стево, Михајловски Василев Ристо, Садикарио Младен Славка, Сарафиќ Исидор д-р Јаков, Стојческа Јордан Блага, Стојковски Ристов Стојко, Шаровиќ Никола Душан, Томевски Вангелов Ване;

— за покажана лична храброст во борбата против непријателот за ослободување на земјата

СО ОРДЕН ЗА ХРАБРОСТ

Михаиловски Лазар Ангеле, Сабо Јован Милева, Здравковски Ѓорѓи Крсте;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Апостолски Стефан Никола, Аврамовска Звездан Бојана, Хаџипецов Методи Крум, Петровски Славко Илија, Трајковски Крсто Лазар, Величковски Илија Александар, Видевски Милан Серафим;

— за особени заслуги во развивањето и реализирањето на концепцијата на општонародната одбрана и за успеси во издигањето на воено-стручното знаење и борбената готовност на нашите граѓани

СО ОРДЕН ЗА ВОЕНИ ЗАСЛУГИ СО ЗЛАТНИ МЕЧЕВИ

Мулиќ Мехмед Нурија;

— за заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува за општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО БРОНЗЕН ВЕНЕЦ

Грков Ристо Димитар;

— за заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНА ЅВЕЗДА

Ашиковска Стефан Љубица, Богданова Тасе Антина, Богоевски Цветан Александар, Данчев Кирил Михајло, Деловска Славко Љубица, Депинова Васил Надежда, Десковски Наумов Стојче, Димовска Ристо Коца, Гогова Петре Роса, Горгиев Коста Никола, Христова Димитар Верка, Ивановски Дијаманди Крсто, Јордановска Никола Василка, Јосимовски Трајков Владо, Јурукова Коста Евтерпи, Кировски Трпо Атанас, Китева Петре Богдана, Косановиќ Бошко Рада, Крајчиновиќ Радован Миланка, Лукоровски Христо Сотир, Михајловски Петрев Душко, Минков Димитар Ристо, Ишевски Спасо Младен, Рошкова Пандо Зоица, Русаковски Тома Јосип, Саздовска Петар Марија, Шабани Арифи Јашар, Шаревски Сотиров Мино, Витанова Јован Веселинка;

— за заслуги во развивањето и реализирањето на концепцијата на општонародната одбрана и за успеси во издигањето на воено-стручното знаење и борбената готовност на нашите граѓани

СО ОРДЕН НА НАРОДНАТА АРМИЈА СО СРЕБРЕНА ЅВЕЗДА

Јосковски Арсов Ристо, Спаџовски Борис Здравко, Владичевски Натаил Спасо;

— за заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Автовски Методија Ристо, Марковски Ѓорѓија Драгољуб, Митковски Јордан Киро;

— за заслуги во развивањето и реализирањето на концепцијата на општонародната одбрана и за успеси во издигањето на воено-стручното знаење и борбената готовност на нашите граѓани

СО ОРДЕН ЗА ВОЕНИ ЗАСЛУГИ СО СРЕБРЕНИ МЕЧЕВИ

Ангеловски Борис Никола, Ќосевски Методи Голуб, Данилов Лазар Нестор, Димитриески Јован Милутин, Ѓорѓиевски Костадинов Атанас, Гиговски Богдан Јордан, Киселовски Тале Димитар, Маџоски Дукадин Хранислав, Манев Борис Павел, Мановски Димитрие Панче, Митровски Сидо Момчило, Поповски Димитар Драган, Сиљановски Димо Круме;

— за залагање во социјалистичката изградба на земјата

СО МЕДАЛ ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД

Ангеловски Геле Борис, Костова Ѓорѓиева Злата, Самоковлија Јордан Наталија, Василевски Стојан Томо;

— за залагање и постигнати успеси во работата

СО МЕДАЛ НА ТРУДОТ

Савевски Јован Спасе;

— за заслуги и постигнати успеси во работата на општонародната одбрана

СО МЕДАЛ ЗА ВОЕНИ ЗАСЛУГИ

Аќимовски Милисав Слободан, Новевски Димитар Иван, Стоисављевиќ Јово Данко.

Бр. 203
31 декември 1975 година
Белград

Претседател на
Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

## СОДРЖИНА:

Страна

414. Одлука за начинот на формирање на цените за сурова нафта, деривати на нафта и природен гас — — — — — — — 681
415. Наредба за начинот и контролата на пописот на залихите на сурова нафта и деривати на нафта — — — — — — 681

Одликувања — — — — — — — — — 682

Издавач: Новинска установа „Службен лист на СФРЈ" Белград, Јована Ристиќа 1 Пошт. фах. 226. — Директор и главен и одговорен уредник Душан Машовиќ, Улица Јована Ристиќа бр. 1. — Печати Београдски издавачко-графички завод, Белград, Булевар војводе Мишиќа бр. 17